

# Вашиот водич за учење вештини за користење на таблет преку употреба на игри

CENTRE FOR AGEING BETTER

Good Things Foundation


TOGETHER

# За водичот

Овој водич е дизајниран за да ви помогне да им ги претставите таблетите на постарите луѓе преку користење и играње игри. Не е важно дали им помагате на пријателите, на членовите на вашето семејство или на луѓето со кои живеете и не е важно дали сте вработен или тоа е ваш волонтерски ангажман.

Не треба да бидете компјутерски експерт за да помогнете некому. Доволно е само да се чувствувате сигурни во користењето интернет. Дури и ако сметате дека сте „само еден чекор понапред" од тие на кои им помагате, користењето игри како алатка за учење може да ви помогне да бидете многу добар учител.

## Како да го користите овој водич

Овој водич можете да го користите на различни начини. Пред да почнете, прво може да го прочитате. Или може да ѕирнете во него секогаш кога ви треба. Дури и ако некому му помагате само со кратка консултација, водичот може да биде многу корисен. Страницата со содржини објаснува каде да ги најдете различните теми што ги содржи водичот.

Ако сакате да им помогнете на луѓето да го користат таблетот за други работи место за игри, на крајот има некои совети со кои ќе им помогнете.

Овој водич е изработен од фондацијата Good Things, добротворна организација на Велика Британија, во партнерство со програмата Еразмус + и Универзитетот Мидлсекс. Адаптацијата и преводот на македонски јазик ја направи Т&П консалтинг, во соработка со Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство - ФИНКИ. Водичот е резултат на истражувачкиот проект GIRDA - **Градење дигитални вештини преку игра.**

Дигиталната верзија од овој прирачник може да побарате преку е-пошта info@tpconsulting.com.mk

# Содржина


| | |
|---|---|
| **Основни принципи** | **7** |
| Вистинскиот јазик | 8 |
| Кој управува? | 10 |
| Трпение, трпение, трпение | 12 |
| **Игри, таблети и учење** | **15** |
| Како игрите можат да помогнат? | 16 |
| **Практична работа** | **19** |
| Уреди и врски | 19 |
| Набавка на уреди | 20 |
| Поврзување на интернет | 21 |
| Избор на игри | 22 |
| Видови игри | 26 |
| Други креативни активности | 29 |
| Обезбедете простор | 29 |
| Како да се воведат игри | 30 |
| **Помогнете им на луѓето да играат** | **33** |
| Запознавање со вашите ученици | 34 |
| Први чекори | 35 |
| Управување на групната динамика | 37 |
| Ако играчите се заглават | 38 |
| **Преминување од игри на други активности** | **41** |
| **Безбедност на интернет** | **45** |
| Безбедност на интернет: општи совети | 46 |
| Вируси и софтвер | 48 |
| Купување и плаќање преку интернет | 49 |



# Основни принципи

Помагањето некому да научи како да користи таблет треба, пред сѐ, да биде забавно. Некои постари луѓе мислат дека технологијата е комплицирана и се загрижени дека нема да можат да научат да ја користат. Можете да им помогнете да ги надминат овие стравови преку следење на неколку едноставни правила.

# Вистинскиот јазик

Компјутерите и интернетот имаат свој јазик: зборови и фрази што можат да бидат збунувачки за некој што не е запознаен со нив. Често, познавањето на овој јазик не е ни важно, барем на почетокот.

Можеби мислите дека не користите комплицирани компјутерски термини, но, запомнете, дури и наједноставните зборови може да изгледаат многу комплицирани за лицето на кое му помагате.

- Може да ви биде од голема помош ако ги замените непознатите поими со познати зборови, на пример „слика“ место „икона“. Ова ја прави технологијата многу поблиска до лицето на кое му помагате.
- Не постои правилен или погрешен начин да се објаснат работите, сè додека функционира. Запрете и прашајте го лицето на кое му помагате: „дали ова што ви го кажувам има смисла за вас?“ И запомнете дека тоа што е лесно разбирливо за една личност, можеби нема да биде разбирливо за некој друг.

- Кратко и едноставно објаснете ги работите што треба да се направат за да се заврши задачата. За деталите, опциите, ќе разговарате во некоја следна пригода.



# Кој управува?

Кога некој учи да вози, седи на возачкото седиште! Луѓето најдобро учат кога се вклучени во процесот, а не со гледање како некој друг ја прави работата.

- Однапред бидете сигурни дека сте се подготвиле, дека сте поврзани на безжичен интернет и дека сте ја инсталирале играта.
- Дозволете му на лицето што ќе ја игра играта да го држи и да го контролира таблетот.
- Ако лицето не е сигурно што да направи, поттикнете го да истражува - тоа ќе му помогне да сфати дека не може да се случи ништо лошо.
- Кажете му дека веднаш ќе му помогнете ако има некаков проблем и дека нема начин да го оштети уредот само со допирање.
- Целта не е да се совладаат работите колку што е можно побрзо. Помогнете му секому, помогнете му и на тој што работите ги совладува побавно.

- Во исто време, знајте кога треба да интервенирате. Лицето што го подучувате може многу лесно да заглави, барем на почетокот. Ако мислите дека не може да го реши проблемот само со објаснување, кажете му дека вие ќе го решите проблемот – но, сепак, објаснете му дека не направил ништо погрешно.
- На почеток некој може да се обиде и да го користи нокотот место врвот на прстот, или да го држи таблетот со палецот или со дланката на работ на екранот, при што екранот го игнорира неговиот допир – покажете му како да ја приспособи позицијата на раката за да добие ефективен контакт со површината при допир.

# Трпение, трпение, трпение

Најкорисна работа за некој што учи не е здобивањето технички вештини, туку мотивацијата и здобивањето самодоверба.



- Бидете подготвени да ги повторувате работите - можеби повеќе пати од еднаш. И никогаш не обрнувајте внимание на фактот што го повторувате, ниту на времето потребно за некој да ја совлада задачата.
- Бидете подготвени да одговорите на прашања за работи што, можеби, сметате дека ги знаат без да им ги кажете , како, на пример, пораки за грешки или барање за некоја информација. Тоа им дава на луѓето сигурност дека тоа што им го покажувате е правилно.
- Не претпоставувајте дека некој ги знае работите однапред - ако некој помисли дека знае нешто, а не го знае, може да почувствува неуспех уште пред да почне.
- Луѓето не се машини за учење. Ако некој се пожали дека заборавил нешто (или ќе заборави), потсетете го дека тоа е сосема нормално и дека не значи дека не може да го научи низ практична работа. Можете да сугерирате да си прават белешки или да направат нешто друго што ќе им помогне да се сетат подоцна.
- Пред сѐ, бидете сигурни дека сите се забавуваат. Нема потреба луѓето да научат нешто побрзо - ако уживаат низ процесот, секако дека ќе сакаат да научат повеќе.





# Игри, таблети и учење

Играњето игри на таблет или компјутер е многу забавно и ја зголемува социјалната интеракција. Исто така, може да им помогне на постарите луѓе да се чувствуваат удобно при користење на модерната технологија и да научат како да ја користат технологијата на безбеден начин.

# Како игрите можат да помогнат?

Преку играњето игри може да научите многу нови работи. Еве само неколку придобивки:

- Користењето на технологијата на почетокот може да биде страшно. Игрите можат да го намалат тој страв правејќи го процесот забавен. Ако луѓето играат игра и уживаат во играњето, помала е веројатноста дека ќе мислат за тоа што го прават како за тежок процес на „учење“.
- Играњето игри може да ги поттикне луѓето да бидат посоцијални, а истовремено и посреќни и мотивирани.
- Игрите поттикнуваат меѓусебна поддршка. На пример, ако имате една личност што знае како да користи таблет, а друга што ги знае правилата на играта, тие можат да учат еден од друг. Со вистинската поддршка (видете подолу), еден од луѓето на кои им помагате може да биде одличен учител, дури и ако знае само малку повеќе од другите.

- Преку игрите на таблет можат да се научат многу важни работи. Ова го вклучува користењето на екранот на допир, но и сознанието дека грешките може веднаш да се исправаат и дека е во ред да се експериментира.





# Практична работа

## Уреди и врски

Пред да почнете, треба да бидете сигурни дека имате доволен број таблети, да го утврдите видот на таблетите и да видите дали сте соодветно поврзани на интернет. Еве неколку совети како да го направите тоа.

# Набавка на уреди

- Дознајте дали некој од луѓето на кои им помагате веќе има таблет, но не знае како да го користи. Можете да ги поттикнете да почнат да се забавуваат со користење на таблетот.
- Ако им помагате на постари луѓе во улога на волонтер или вработен, проверете дали можете да обезбедите буџет за купување таблети истакнувајќи дека преку тоа ја промовирате и поттикнувате благосостојбата на луѓето обезбедувајќи им поддршка преку: социјален контакт, одржување на менталната активност и преку учењето како да користат интернет.
- Таблетите не мора да бидат скапи. Пребарајте на интернет таблети за соодветна цена. Пред да инвестирате, побарајте и разгледајте повеќе понуди или побарајте совет од некој кому му верувате.

# Поврзување на интернет

- Ако за игрите што ги играте треба да има добра интернет-врска, пронајдете соодветно место во просторијата од каде што би се поврзале и би пребарувале на интернет без проблеми. Обидете се од различни делови на собата - можеби некои места се подобри од другите.
- Ако треба да се поврзете на интернет, осигурете се дека ја знаете вистинската лозинка за безжичниот интернет и сите други детали што, можеби, ќе ви бидат потребни за да се поврзете на интернет. Иако вашиот сопствен уред, можеби, ги има запомнето овие работи од првото внесување, некој друг што првпат ќе сака да се приклучи на интернет, можеби, ќе мора да ги внесе овие детали.
- Проверете дали сите уреди што ги користите се целосно наполнети, а софтверот е ажуриран. Ова значи дека може да ги избегнете проблемите пред да почнете!

# Избор на игри

Изборот на игри и на активности за новите ученици треба да биде внимателен. Избегнувајте ги тие игри што се премногу брзи, игрите што го оттргнуваат вниманието со постојано праќање реклами, или тие игри што се обидуваат да ги привлечат играчите да трошат пари. Такви игри изберете само кога ќе имате ученици што се снаоѓаат со вакви игри. Добро е да имате поголем избор на игри зашто една игра може да биде одлична за една личност, но здодевна или збунувачка за некој друг. Еве неколку совети за избор на игри:



- Таблетот што го користите треба да има апликација преку која можете да пронајдете игри. За таблетите на Епл (iPads) оваа апликација се нарекува App Store, за таблетите што користат Андроид, Google Play, а за таблетите на Виндоус, тоа е апликацијата Microsoft Store.
- Многу игри се целосно бесплатни, додека други чинат по неколку фунти / долари.
- Некои игри, кои вклучуваат „in app purchase" се бесплатни да се преземат, но во текот на играта може да се побара од играчите да платат одредена сума пари. Но нема потреба да играте ваква игра, ако играта не е забавна да се игра без трошење пари, треба да пронајдете друга игра.
- Запомнете дека се големи шансите бесплатните игри да вклучуваат реклами или да ги поттикнуваат играчите да трошат пари додека играат. Овие работи можат да бидат многу здодевни, па затоа обидете се прво да ја играте играта, пред да им дозволите на другите да ја преземат.
- Можеби ќе видите дека постојат различни верзии на некоја игра. Ако не сте сигурни која е најдобрата верзија, направете преглед, кој ќе ви помогне да решите.

# Избор на игри - продолжение

- Најдете игра за која се интересира лицето на кое му помагате. На интернет можете да изберете верзија на традиционална игра, која луѓето веќе ја знаат, како на пример шах или игри со карти. Но, постојат многу игри дизајнирани специјално за таблети, кои се лесни за играње и објаснување, а во исто време се и многу забавни. Подолу постои листа на сугестии.
- Бидете сигурни дека играта што ќе ја изберете е на соодветно ниво со знаењето на тој што ќе ја игра. Размислете колку е комплицирано да се разбере играта, но и колку се потребни брзина и вештини за играње. Ако играта е премногу лесна луѓето ќе го изгубат интересот, но ако е премногу тешка ќе бидат фрустрирани. Доколку играчите не се сигурни што прават веднаш можете да го смените нивото на сложеност на играта. Нека почнат да играат од пониско ниво.
- Игрите со комплицирани правила најдобро е да се избегнуваат. Треба да бидете во можност брзо да им ги објасните правилата на играчите или да бидете сигурни дека можат да ги разберат преку игра. Инаку ќе поминете многу време постојано објаснувајќи ги правилата!

- За здобивање различни вештини се користат различни игри. Најдобро е да почнете со игри што им овозможуваат на играчите да научат некои од наједноставните и најкористени гестови на допир, како што се допирање и повлекување. Потоа можете да преминете на игри преку кои се учат посложени гестови како зумирање и ротирање.
- Ако не можете да обезбедите добра интернет-врска на местото каде што сакате луѓето да играат игри, не грижете се. Иако не сте поврзани на интернет, повеќето игри на таблет може да се играат откако се веќе еднаш преземени.
- Пред некој друг да почне да игра, обидете се вие да ја запознаете играта. Ова значи дека можете да бидете сигурни дека играта функционира, дека е на вистинско ниво и дека не бара од играчите да трошат пари. Исто така, ако ви се случи да треба да му помогнете некому или да го научите како да ја игра играта, прво треба вие да знаете како се игра!

# Видови игри

### Игри на спојување

Играчите го допираат екранот за да им го сменат местото на парчињата во одредена боја создавајќи линии од три или повеќе соодветни парчиња за да освојат поени. Правилата на овие игри се едноставни и играта се базира на допирање, наједноставното движење на екраните на допир. Популарни игри од овој тип се Bejeweled и Candy Crush Saga, кои може да се преземат бесплатно.

### Спојувалки

Постојат различни видови игри спојувалки. Спојувалките со замена на местата на плочките се полесни за играње: играчите почнуваат со измешана слика од квадратни плочки и им ги менуваат местата со допирање на плочките сè додека сликата не се спои. Традиционалните спојувалки се малку посложени: играчите, обично, треба да го задржат прстот на екранот за да ги „повлечат“ деловите на спојувалката до соодветното место, а понекогаш и да ротираат парчиња за да им ја поправат позицијата со „двоен допир“ или со истовремено користење

два прста. Една игра може да има многу спојувалки за да заврши – обично, некои се бесплатни, а дополнителните групи спојувалки може да се купат за ниска цена.

### Игри со зборови и со бројки

Постојат бесплатни верзии, но и верзии за купување на класичната игра Scrabble, како и слична бесплатна верзија на играта што се вика Words with Friends. Играчите можат да играат против компјутерот, против други играчи или да ја завршат играта во текот на неколку дена – што е добар поттик за самите да го користат таблетот! Достапни се и крстозбори и игри со барање зборови и спојувалки со бројки како судоку; како и спојувалките со слики, нивната предност е што содржат многу индивидуални спојувалки во рамките на една игра. Тие, исто така, им помагаат на играчите да се навикнат да ја користат тастатурата на екранот на таблетот.

### Традиционални игри

Многу традиционални игри како што се шах, табла и игри со карти се достапни на интернет. Играчите можат да играат заедно на ист таблет ако е доволно голем, или да седат еден до друг и да користат посебни таблети. Луѓето може да бидат заинтересирани да играат на интернет против други луѓе ако знаат дека можат да го направат тоа. Имајте на ум дека верзиите на

# Видови игри - продолжение

игри на таблет, можеби, нема да се однесуваат како во реалниот свет. На пример, фигурите можат автоматски да се вратат на позицијата од каде што доаѓаат ако се стават на погрешно место. Дури и ако луѓето ги разбираат правилата на играта, можеби ќе имаат прашања во врска со ваквите разлики.

## Спортски игри

Постојат многу едноставни игри за спортски ентузијасти, вклучувајќи голф, снукер, фудбал, пикадо. Преку различни игри се здобиваат различни вештини на екранот чувствителен на допир. Некои игри се полесни од другите, но и за која било игра да станува збор, прво научете ја вие, пред да подучувате некој друг да игра.

## Други игри

Fruit Ninja, каде што играчите можат да го вежбаат движењето со „повлекување“ бидејќи треба да сечат овошје што лета.

Angry Birds, каде што играчите учат како да задржат и да повлечат некој предмет додека се обидуваат да урнат кули.

## Други креативни активности

Преку едноставни креативни активности како цртање или боење се здобива навика како да се користи екранот на допир понежно. Некои корисници на почетокот може да заглават обидувајќи се да го најдат вистинскиот начин да направат едноставно повлекување, а ова е наједноставниот начин да го научат тоа.

## Обезбедете простор

- Изберете го вистинското место. Местото за учење треба да биде тивко. Бидете сигурни дека во просторијата не е премногу топло или студено, а идеално е да има природна дневна светлина - без сонцето да му оди в очи некому или на екранот на таблетот.
- Ако им помагате на еден или на повеќе луѓе што живеат во организирани заедници (како дом за грижа за стари лица или шелтер-центар), не кријте се зад затворени врати. Обидете се часовите да бидат на места каде што другите можат да видат што се случува и да се приближат и да поставуваат прашања ако сакаат. Ако видат дека се забавувате и тие, можеби, ќе сакаат да се придружат.
- И, секако, имајте до себе чај, кафе и бисквити!

# Како да се воведат игри

- „Како се користат компјутерите и интернетот“ е реченица што не може многу да мотивира, па поради тоа дури и не треба да се употребува. Фокусирајте се на забавниот и на социјалниот аспект на заедничкото играње игри - нешто што ќе заинтересира повеќе луѓе.
- Ако работите со група луѓе, обидете се да пронајдете некој од групата што е енергичен и добар организатор: барајте некој што може да ги заинтересира другите!
- Размислете каде ќе играте, дали да организирате некакво дружење, како на пример утринско кафе? Или ви треба нешто ново, како, на пример, клуб за игри?
- Немојте да се потпирате само на постери и на летоци. Кажете им на луѓето што правите и замолете ги да го пренесат тоа – рекламата од човек на човек е многу ефикасен метод!
- Не притискајте ги луѓето да играат игри, ниту, пак, кои игри да ги играат. Ако имаат јасна претстава за тоа што сакаат да направат на интернет, можеби ќе почувствуваат дека играњето игри е губење време. Но и ако воопшто не се заинтересирани, не притискајте ги, тоа може уште повеќе да ги оттргне.







# Помогнете им на луѓето да играат

Откако ги одбравте вистинските игри или активности, треба да знаете дека луѓето на кои им помагате најмногу ќе научат преку искуството. Бидете тука за да разговарате со нив, да ги набљудувате и да ги охрабрувате. Со малку работа, помогнете им да си помагаат меѓу себе и да учат едни од други!

# Запознавање со вашите ученици

Играњето игри е забава, а еден од начините на кои можете да осигурите дека тоа, навистина, ќе биде забавно е да ги запознаете вашите ученици пред да почнете.

- Ако му помагате некому што не сте го запознале претходно, запознајте се и откријте малку повеќе за неговите лични интереси.
- Некои постари луѓе може да имаат проблеми со слухот - обидете се да најдете мирно место за учење. Другите можат да имаат тешкотии да читаат мали букви; можеби ќе им требаат очила за читање, но во овој случај можете да ја користите функцијата за зумирање или да ја промените големината на текстот на таблетот за да можат да видат полесно.
- Друга честа појава е артритисот што ги зафаќа рацете, што може да го направи користењето на таблетот непријатно или болно. Може да се обидете да го промените аголот на таблетот за да ја подобрите удобноста или да обезбедите „дигитално пенкало“, кое може да го направи користењето таблет многу полесно отколку кога користите прсти.

# Први чекори

На почетокот, кога луѓето ќе почнат да играат првпат, обидете се да бидете близу до нив, дури и ако се чини дека сите играчи знаат што прават. Има неколку работи што треба да ги следите, сè додека не станат поискусни.

- Што ќе функционира во практика зависи и од луѓето и од местото. Ако имате други луѓе што ви помагаат, или некои играчи со искуство во користењето таблет, може да се играат неколку игри одеднаш, во исто време. Но, ако сте сами, ако немате помош од никого или играчите не се дигитално едуцирани, треба да почнете со мали задачи. Ако не сте сигурни, нека играат две лица на еден таблет или по едно лице на таблет.
- Информирајте ги играчите дека ќе им помогнете ако наидат на некаков проблем и дека нема начин да го оштетат уредот само со допирање.
- Ако се играат неколку игри истовремено, бидете сигурни дека можете да обезбедите поддршка еден на еден доколку е потребно, без луѓето да чекаат долго време. Тоа, можеби, нема да може да се реализира ако се обидете да ги запознаете сите одеднаш. Но, можете да викнете уште некој

што може да помогне: може да биде колега, сосед или доброволец, волонтер.

- Ако некој е многу несигурен во себе, седнете до него додека игра - можеби би можел да игра со вас на почетокот. Проверете како игра: дали има проблеми кога го користи екранот на допир?
- Дали изгледа нервозно или постојано си дава негативни критики за своите вештини? Набљудувањето може да ви помогне да решите која игра најдобро ќе му одговара.

# Управување на групната динамика

- Ако некои луѓе имаат повеќе вештини и искуство и им ја објаснуваат играта на другите, можеби ќе можете да ги поттикнете да станат ментори. Но, иако доминираат, сепак охрабрете ги и потивките луѓе да се обидат.
- Бидете сигурни дека играчите напредуваат со иста динамика: тоа може да се постигне со тоа што едно лице ќе ги подучува другите или со тоа што играчите ќе играат тимски. Уверете се дека на сите сте им посветиле исто внимание и никој не е запоставен и ставен настрана.
- Не плашете се да ги менувате работите. Ако мислите дека моментната состојба не функционира, предложете им на луѓето да се обидат да играат нови игри или да играат со различни луѓе.

# Што ако играчите се заглават

- Целта не е играта да се игра брзо. Добро е да направите нешто за некој што учи полека. Да се заглави повремено и не е толку лошо зашто ги поттикнува играчите да се вклучат и заедно за да ги решат проблемите.
- Во исто време, препознајте кога проблемот предизвикува фрустрација и дали играчите можат сами да го решат проблемот. Можете да им дадете совет што треба да направат; но ако и тоа не функционира, вие решете го проблемот.
- Кога луѓето ќе почнат да грешат тоа е добра можност да им покажете како да ги прават работите правилно. Покажете им дека постојат опциите за повторување или поништување на грешките што ги прават. Тоа може да ги натера луѓето да бидат поподготвени и да истражуваат.





# Преминување од игри на други активности

Постојат многу придобивки за постарите луѓе што играат игри на таблети. Сепак, по некое време, можеби, ќе сакате некои од играчите да ги запознаете со идејата дека можат да направат повеќе од играње игри: да останат во контакт со семејството и со пријателите преку интернет, да пронајдат веб-страници за работите за кои се заинтересирани.

# Преминување од игри на други активности

- Потсетете ги дека само со играње игри здобиле многу вештини, дека знаат како функционира таблетот, дека не се плашат да го користат!
- И покрај тоа, учењето како да се користи интернетот може да биде прилично застрашувачка идеја за некој што никогаш не користел интернет. Објаснете дека не сакате да им покажете сè, но сметате дека постојат некои работи што би можеле да им бидат корисни. Објаснете што се придобивките и дајте им шанса да поставуваат прашања.
- Поставете им едноставни цели, барем за почеток: првиот ден може само да проверат временска прогноза или телевизиска програма, цел што може да им даде на луѓето чувство на моментно достигнување.
- Кога ќе дојде време, развијте долгорочни цели врз основа на интересите на ученикот, како што е пазарење преку интернет во омилената продавница или, пак, повик на роднина преку Скајп.
- Не брзајте ги: ако не се подготвени да почнат, тогаш најдете време што ќе одговара.
- Нека се чувствуваат дека имаат сè под контрола. Кажете им дека можат да запрат во кое било време кога сакаат.
- Не мора да бидете многу посветени, но треба да бидете подготвени да бидете на располагање долгорочно ако му требате на лицето што го поддржувате.



# Безбедност на интернет

# Безбедност на интернет: општи совети

- Не криjте ги проблемите под килим, сепак, постојат ризици. Добивањето многу информации и поставувањето прашања им помага на луѓето да се чувствуваат сигурни и да ја контролираат ситуацијата.
- Кажете им дека, ако следат неколку едноставни чекори, ќе бидат безбедни на интернет.
- Бидете сигурни дека луѓето што ги подучувате нема да се согласат со ништо за кое не се чувствуваат сигурни, без да проверат со вас или со некој друг кому му веруваат.
- Ако лицето што го подучувате сака да дознае нешто повеќе за тоа како децата да бидат безбедни при користење на интернетот, упатете го до соодветни веб-страници (како на пример веб-страниците на BBC и на Childline)

- Ако лицето што го подучувате споменува дека добива невообичаена е-пошта или телефонски повици или дека видело нешто на интернет што му прави да се чувствува непријатно и несигурно, побарајте од него да ви даде дополнителни детали. Можете да пријавите проблем или да побарате информации на различни веб-сајтови, вклучувајќи ја и полицијата.

# Вируси и софтвер

- Инсталирајте добар софтвер против вируси на уредот на лицето на кое му помагате; многу добри опции не чинат ниту еден денар. Пребарајте на интернет „најдобар бесплатен софтвер против вируси“ за да видите што е достапно во моментот.
- Проверете дали софтверот на нивниот уред е актуелен. Повеќето софтвери ќе ви кажат дали е достапна понова верзија. Вирусите и малициозниот софтвер може да се провлечат низ програмите за заштита од вируси и да ги инфицираат уредите преку користење програми што не се обновени.

# Купување и плаќање преку интернет

Дури и прилично искусни корисници на интернет можат да се чувствуваат несигурно при купување или плаќање преку интернет.

Ако мислите дека лицето што го подучувате би можело да заштеди на трошоци, од една страна, но и да ги почувствува придобивките од купувањето преку интернет од друга страна, има некои важни работи што треба да ги знаете.

- Постојат веб-страници каде што можете да најдете сигурни и јасни информации што ќе ви помогнат да им објасните како можат да бидат безбедни. На пример, одредени служби за давање финансиски совети имаат и страници посветени на купувањето преку интернет.
- Како и со што било друго, не присилувајте ги. Ако се среќни да купуваат и да користат банкарски услуги надвор од интернет, прекинете со разговорот, барем на одредено време. Постарите луѓе можат особено да уживаат во посета на банки и на продавници.

